# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 мај 2002 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Сто седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме со општиот претрес по Предлогот на законт за избор на пратеници на Собранието на Република Македонија.

Има збор Ванѓел Симев. - Не е тука.

Има збор Мирчевски Звонко. - Не е тука.

Збор има Талевски Александар. - Не е тука.

Збор има Горѓи Тодоров. - Не е тука.

Збор има Билал Лутфии. - Се откажува.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман...

Немаме претставник од Владата. Според тоа не можеме да продолжиме со работа.

Предлагам пауза до 13,00 часот.

Молам да се обезбеди присуство на претставник на Владата.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,20 часот).

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 71 став 3 и истиот е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Процедурално за збор се јавува министерот за правда, господинот Иџет Мемети.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Не е процедурално, туку сакам да кажам дека амандманот што беше поднесен, ве известувам дека Владата го повлекува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 71 став 3 и потоа го повлече.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 6 став 3 и 8, член 15 став 1, член 19 став 2, 4 и 5, член 20 став 1 алинеја 8, 6 и 17, член 22 став 3, член 23 став 2, 3 и 4, член 26 став 1, член 26 став 3, член 31 став 3, член 32 точка 8, член 37 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 43 за додавање три нови става по ставот 1, член 44 став 3, член 47 став 1, член 70 став 6, член 71 став 1 точка 1, член 74 став 2, член 75 став 3, 4 и 5, член 76 став 5, член 84 став 6, член 87 алинеја 1, член 90 став 5 и за додавање нов став по ставот 5, член 94 став 5 и за додавање нов став по ставот 5, член 96 став 1 и 2, член 101 став 3, член 107 став 1, член 115 став 1, и на алинеја 3, член 116 алинеја 1 и 2, член 123 и на член 127, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Алија Шахиќ поднесе амандман за менување на член 2, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за политички систем поднесе амандмани на член 40 став 1, член 96 став 5 и на член 106 став 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Миланчо Черкезов поднесе амандман на член 99 за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Чедомир Краљевски и Воислав Стојановски поднесоа амандман на член 126 за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман на член 126 за додавање нов став 5 по ставот 4, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Пандов поднесе амандман на член 126 за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Јордан Бошков поднесе амандмани на член 2 за бришење став 1 и за додавање три нови става и за додаваше нов член 96 по плен 96, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Александар Гештаковски, Никола Поповски и Горѓи Спасов поднесоа амандмани на член 13, за менување на став 1, член 17 став 1, член 20 став 15, член 21 став 1, член 26 став 2, член 32 за додавање нова точка 2-а по точката 2 и на член 33 за менување на точка 2, по кои Владата не се произнела. Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман на член 84 став 3, 4, 5 и 6 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Чедомир Краљевски и Александар Гештаковски поднесоа амандмани на член 14 став 1 за бришење на ставовите 3 и 6 и на став 4 и на член 32 став 2 за точка 21, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Гештаковски поднесе амандман на член 71 за бришење на точка 5 на став 1 за додавање нов став 3 по ставот 2 и за бришење на ставовите 3, 4, 5 и 6, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандман на член 13 за менување на став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Данило Глигороски и Валентина Божиновска поднесоа амандман на член 2 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Јованов поднесе амандман на член 6 став 7, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Амди Бајрам поднесе амандмани на член 2 за бришење на став 1 и за додавање три нови става и за додавање нов член 96-а по членот 96, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Коце Трајановски поднесе амандман на член 16 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2, поднесен од пратеникот Алија Шахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, господинот Иџет Мемети.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Молам службите да утврдат дали имаме доволен број присутни пратеници.

Имаме доволен број пратеници во салата.

Станува збор за амандманот за менвуање на член 2, поднесен од пратеникот Алија Шахиќ.

Амандманот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник, за гласал еден пратеник, воздржано гласале 16 пратеници и против гласале 44 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 99 за додавање нов став 2 по ставо 1, поднесен од пратеникот Миланчо Черкезов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Гласале вкупно 57 пратеници. За гласале тројца пратеници, воздржано гласале 12 пратеници и против гласале 44 пратеници.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Сега имаме 63 пратеници во салата, меѓутоа не можеме точно да утврдиме колку биле пратеници во салата кога се гласаше.

Молам да гласаме повторно.

Гласаме по амандманот на член 99 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Миланчо Черкезов.

Гласале вкупно 66 пратеници, за гласале двајца пратеници, воздржано гласале 15 пратеници и против гласале 49 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 126 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Чедомир Краљевски и Воислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, за гласале 19 пратеници, воздржано 28 пратеници и против гласале 20 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 126 за додавање нов став 5 по ставот 4, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе би апелирал до вас. Вие ги имате наредено амандманите од Службата, така како што се поред ги читате брзо и од кого е поднесен амандманот тоа го кажувате на крај и веднаш отварате расправа, а ние во купот кој секоја минута ни доаѓа не можеме да го видиме амандманот, а се работи за сериозни амандмани да можеме да реагираме, да гласаме.

Би ве замолил тоа да го направите во една процедура, да ни овозможите од купот да најдеме за кој амандман се работи. Барем да ни дадете 30 секунди пред изјаснување за да го најдеме амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За овој амандман сега сигурно немате забелешки. (Немаме).

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Се гласа за амандманот на член 126 за додавање нов став 5 по ставот 4, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски. - Молам да гласаме.

Гласале вкупно 59 пратеници, за гласале 32 пратеници, воздржано гласале 5 пратеници, против гласале 22 пратеници.

Молам да видиме дали имаме доволен број пратеници во салата.

Во салата имаме 68 пратеници.

Констатирам дека гласањето важи и дека амандманот Собранието не го усвои.

Отворам претрес по амандманот на член 126 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Сакам да кажам накратко за што се работи во овој амандман.

Новинарите замолија на денот на гласањето, што значи не е битно за кое гласање, голем број од нив се наоѓаат на терен, дали од Скопје се испратени во Струмица да ги следат изборите, дали ваму или онаму, така што на денот на гласањето не се во состојба да го извршат гласањето.

Со овој амандман се предвидува односно тука влегуваат категорија на луѓе кои што се наоѓаат на служење на воен рок, полиција, војска и тн., како е тоа таму регулирано, има дополнување уште еден амандман после овој ќе следи и со тоа ќе им овозможиме на категоријата на луѓе кои се занимаваат со новинарство, 300-400 луѓе, тој ден да си го остварат своето право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, за гласале 24 пратеници, воздржано гласале 15 пратеници и против гласале 32 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење став 1 и за додавање три нови става, поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеници, за гласале двајца пратеници, воздржано гласале 13 пратеници и против гласале 43 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 96-а по член 96, поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник, за гласал еден пратеник, воздржано гласале 13 пратеници и против гласале 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Отворам претрес по амандманот на член 13 за менување на став 1, поднесен од пратениците Александар Гештаковси, Никола Поповски и Горѓи Спасов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитуван претставник на Владата.

Прво, би сакал да укажам на што се однесува овој амандман. Амандманот гласи: "Претседателот на Државната изборна комисија и неговиот заменик се именуваат од редот на судиите на Уставниот суд на Република Македонија и од Врховниот суд на Република Македонија, како и од редот на други истакнати правници." Основното решение беше дека претседателот на Државната изборна комисија го именува претседателот на државата од редот на судиите на Врховниот суд. Во тоа се состои амандманот кој не го прифати претставникот на Владата.

Сега би сакал на претставникот на Владата, на пратениците претставници на политичките партии кои учествуваа во договорот на лидерите во присуство на меѓународните посматрачи да им укажам. Ние поднесовме во основа три амандмани кои сите произлегуваат од она што беше договорено. Инсистираме и бараме тие амандмани да бидат подржани особено од пратениците на пратеничките групи кои учествуваа на лидерската средба, кои дадоа согласност. Би сакал посебно да ви укажам и да ви го прочитам дописот до неговата екселенција Љубчо Георгиевски, премиер и доставено до господинот до Канцеларијата на претседателот господинот Иџет Мемети, министер за правда, Претседателството на ВМРО - ДПМНЕ, Претседателството на СДСМ, Претседателството на ДПА и Претседателството на ПДП. За сите овие три амандмани кои во основа се повеќе, бидејќи се поврзани со Законот ги имаме нивните коментари потпишано од амбасадорот Крег Џенес, шеф на набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, Ален Лероа, специјален пратеник на Европската унија во Скопје, амбасадорот Лоренс Батлер, амбасадор на САД во име на амбасадорот Џејмс Колмс, специјален претставник за Балканот. Ова го кажувам не да вршиме политички притисок и да се повикуваме на Меѓународната заедница, ова го укажуваме, овие потписи се доказ дека ова што ние го предлагаме во амандмани е договорено меѓу лидерите на политичките партии. Тоа значи дека ова треба да биде внесено преку амандмани во законот. Бидејќи претставниците на СДСМ на тие разговори имаа огромен број на забелешки на одредени решенија. Но, од овде како претставник на СДСМ истакнувам, она што беше договорено на лидерската средба со претставниците и на СДСМ што зеде обврска нашиот лидер и другите претставници, ние до збор го почитуваме, не поднесуваме амандмани, не укажувавме во општиот претрес, бидејќи врз основа на разбирање, врз основа на договор треба да донесеме закон кој

нормативно ќе овозможи фер и демократски избори. На едно прашање во кое во основа и во јавноста би требало да има согласност, бидејќи на претседателот на државата кој го именува претседателот на Државната изборна комисија да му се даде поширок избор на можности да бира за да предложи на највисокиот и најважен орган претседател на Државната изборна комисија. Владата преку нејзиниот претставник врз основа мимо договорот напишале дека тоа треба да биде од судиите на Врховниот суд. Најмалку сакаме да фрлиме сомнеж на судиите од Врховниот суд дека судија од Врховниот суд не може да биде претседател на ДИК. Најмалку тоа го сакаме. Но, сакаме на претседателот на државата да му се даде можност да бира личност која ќе биде прифатена од сите политички партии, личност која ќе влева доверба меѓу бирачите и граѓаните, ќе биде подржана и ќе имаме гаранција за фер и демократски избори.

Врз основа на писмото кое ви го цитирав потпишано од личностите кои ви ги цитирав, ви го цитирам делот назначен по точка 1: "Назначување на претседателот на ДИК". Сегашните одредби во законот одредуваат дека претседателот на ДИК би бил судија на Врховниот суд. Би се потсетиле дека договорот постигнат меѓу сите страни беше јасен, дека претседателот на ДИК назначен од претседателот на државата може да биде избран од широк избор на квалификувани кандидати. А изборот нема да се ограничува на ниту една категорија како на пример судии од Врховниот суд. Ова е писмото што ни укажуваат претставниците кои учествуваа на она што се договаравме ние претставници на политички партии и укажуваат тоа што е договорено не го содржи во законот. Бидејќи претставникот на Владата не го прифати, после овие укажувања координаторот на пратеничката група и по расправата сигурно ние ќе заземеме став што е многу битно како понатаму да се однесуваме за оној дел на прашања кој од нас не беше прифатлив, а беше предложен од другите претставници на партии.

И затоа апелирам врз основа на овие укажувања претставниците пратеници на политичките партии доколку го почитуваат она што е договорено, бидејќи господо на вчерашната седница усвоивме четири закони кои многу не им се допаѓаа ниту на претставниците на СДСМ, ниту на пратениците лично. Ги подржавме тие закони, не поднесовме амандман. А сега претставникот на Владата, во кој учествуваат партиите во коалицијата, таа е ВМРО-ДПМНЕ, тоа е ДПА и ПДП, кој во нивно име, ние сфаќаме бидејќи претставникот на Владата зборува во нивно име, не го подржува амандманот. Затоа апелирам овој амандман да се подржи од пратениците, бидејќи тој е договорен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, колегата Гештаковски образложи, тоа нема да го повторувам дека овој е еден од клучните одредби во законот во врска со структурата и начинот на предлагање избор на претседателот на ДИК. Со оглед дека сите овие 16 закони досега ги носевме во пакет во смисла на постигнат однапред консензус помеѓу политичките партии кои ги предлагаат и усвојуваат законите, сега сме во ситуација да консензусот веќе не постои по овој член, а ова е еден од членовите кој битно влијае на консензусот кој е постигнат во изборното законодавство. И како резултат на тоа беша предмет на политички договори помоѓу 4-те политички партии, нејзините претседатели, вклучувајќи го господинот Трајковски и Меѓународната заедница и за кој се постигна договор таков каков што е предложен во амандманот од страна на пратеничката група на СДСМ.

Со оглод дека, очигледно е дека ниту пратаничките групи, ниту министерот за правда не се во состојба да го прифатат амандманот, господине претседателе, јас од вас барам во име на пратеничката група, барам седницата да се прекине и не барам пауза, туку барам да се прекине и да продолжи со работа друг ден за да во меѓувреме потписниците на договорот во врска со изборното законодавство уште еднаш да се консултираме во врска со отстапувањето на овој член од изборниот закон кој цениме дека е од особена важност. Од тие причини бараме седницата денес да прекине и повторно да одиме на преговори со пратеничките групи за овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали прифаќате да одиме на други точки?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не**.**

**СТОЈАН АНДОВ:**

Или инсистирато да прекинеме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Да.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја прекинувам седницата. Ќе соопштиме кога ќе продолжиме.

(Седницата прекина со работа во 13,50 часот)